СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 26.06-2019 година.Среда-Бр.08, година XXIII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци,,бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за Усвојување на Физибилити студијата за Јавно приватно партнерство за Модернизација на Уличното Осветлување во Општина Новаци.

.

1. Објавувам Заклучок за Усвојување на Физибилити студијата за Јавно приватно партнерство за Модернизација на Уличното Осветлување во Општина Новаци, донесен на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-570/1 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за Усвојување на Физибилити студијата за Јавно приватно партнерство за Модернизација на Уличното Осветлување во Општина Новаци

1.СЕ УСВОЈУВА Физиблити студијата за Јавно приватно партнерство за Модернизација на Уличното Осветлување во Општина Новаци

2.Примерок од овој Заклучок да се достави до Градоначалникот, одделението за урбанизам, архивата на Општината.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Новаци" .

Бр.14-547/4 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект Модернизација на Улично осветлување на Општина Новаци

.1. Објавувам Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект Модернизација на Улично осветлување на Општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/2 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија„ број 6 од 13.01.2012) и согласно на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

О Д Л У К А

За започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект Модернизација на Улично осветлување на Општина Новаци

термини и кратенки,

УО Улично осветлување
ЈПП Јавно приватно партнерство
ЈП Јавно претпријатие
„Сл. весник на Р.М.„ „Службен весник на Република Македонија„

Член 1

воведен дел,

Општина Новаци како потрошувач на електрична енергија, изнаоѓа начин на заштеда и намалување на трошоци.

Член 2

предмет на договорот

Предмет на договорот за ЈПП е реализација на потфат, Модернизација на Улично осветлување во Општина Новаци со кој стопанисува Општина Новаци.

Член 3

образложение за оправданоста за доделување на договор за ЈПП

Општина Новаци не е заинтересирано да го финансира овој проект кој согласно студијата. Во колку со евентуален понудувач се склучи договор за реализација на проектот по модел на ЈПП, ЈП нема да има никакви инвестициски трошоци, ниту трошоци на работење, но ќе плаќа месечен ануитет предвиден со договорот за со Приватниот Партнер за Модернизација на Улично осветлување.

Член 4

назначување на целите,

Целите се следниве:

- да се направи заштеда на име трошоци за потрошена електрична енергија,
- ЈП да остварува одреден приход,

- да се подобри енергетската избалансираниост на електричната мрежа во овој крај,
- да се даде допринос во енергетската ефикасност,
- да се намали, иако скромно зависноста на Р. Македонија од увоз на електрична енергија,

Член 5

видот на постапка,

Јавниот повик за избор на приватен партнер ќе се спроведе со отворена постапка на која ќе се избере најповолен понудувач согласно критериумите од оваа одлука.

Член 6

начин и рок за спроведување на постапката,

Општина Новаци согласно Закон ќе поднесе барање за донесување одлука за давање согласност на оваа одлука од страна на Советот на Општина Новаци. По добивањето на согласност од страна на на Советот на Општина Новаци, комисијата за спроведување на постапка ќе објави јавен повик кој ќе трае најмалку 30 дена од денот на објавување во вСл. весник на Р.М.в согласно член 30 од Законот за концесии и ЈПП. Изборот за најповолна понуда ќе биде со усно јавно наддавање во просториите на Општина Новаци.

Член 7

основни услови

Условите за реализација на потфатот ќе бидат прецизно наведни во Јавниот повик и договорот за ЈПП, а основни услови се:

- рок за модернизација на уличното осветлување е 3 месеци од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- Времетраење на договорот е 10 години од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- вкупните инвестициски трошоци за реализација на проектот се обврска на приватниот партнер,
- одржувањето, раководењето и управувањето на Уличното Осветлување се обврска на приватниот партнер,
- обврска на приватниот партнер е да овозможи нормално функционирање на осветлувањето во Општина Новаци

Член 8

висина на надоместокот за издавање на тендерската документација,

Општина Новаци на заинтересираните кандидати на јавниот повик ќе им издаде тендерската документација заедно со фисибилити студија, за што кандидатите ќе треба да уплатат на сметката на Општина Новаци денарска противвредност од €100,оо.

Член 9

критериум за избор на приватен партнер

Изборот на приватен партнер ќе се обави преку избор на најповолна понуда од понудувачите кои ќе се класифицираат како успешни понудувачи, односно кои ги исполнуваат критериумите на јавниот повик. Основен критериум за избор ќе биде понудениот најниска цена за реализација на проектот Модернизација на улично осветлување во Општина Новаци.

Член 10

завршна одредба

Одлуката стапува во сила со нејзиното објавување во „ Сл. гласник на општина Новаци „

Бр.14-547/5 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение за мода ПИКСИ СТУДИО Новаци, за реализација на Културно-забавно лето „Новаци 2019„

.

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства на Здружение за мода ПИКСИ СТУДИО Новаци, за реализација на Културно-забавно лето „Новаци 2019„, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/3 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

О Д Л У К А
За одобрување на средства на Здружение за мода ПИКСИ СТУДИО Новаци, за реализација на Културно-забавно лето „Новаци 2019„

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **946.000,00** денари на Здружение за мода Пикси студио Новаци, за реализација на Културно-забавно лето „Новаци 2019„

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Член 3

Средствата да се исплатат на име Здружение за мода ПИКСИ СТУДИО Новаци, на жиро-сметка:200003305674244, депонент Стопанска Банка АД Скопје .

Член 4

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Новаци„.

Бр.14-547/6 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019

.

1. Објавувам Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/4
25.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 46 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.5/2002), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 21.06.2019 година, донесе:

ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
2019 ГОДИНА ЈУНИ-2019

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019:

III	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**	Шифра	Период на изведба	Проценета вредност без ДДВ	Вид на постапка
1.	Набавка на тракторска косилица и моторни тримери за потребите на ЈКПД„Комунална хигиена “Новаци		Јуни-Јули	300.000,00	Набавка од мала вредност

Член 2

Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019, влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019

.

1. Објавувам Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/5
25.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 46 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.5/2002), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 21.06.2019 година, донесе:

ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
2019 ГОДИНА ЈУНИ-2019

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019**(**согласно решенија за одобрување на средства од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој):

II	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги**	Шифра	Период на изведба	Проценета вредност без ДДВ	Вид на постапка
1.	Изработка на урбанистички планови за селата :Новаци , Живојно , Гермијан , Рибарци , Градешница , Будимирци		Јули	11.525.796,00	Отворена постапка

III	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**	Шифра	Период на изведба	Проценета вредност без ДДВ	Вид на постапка
1.	Изградба на локален пат до с.Тепавци		Јули	16.024.950,00	Поедноставена отворена постапка

Член 2

Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019, влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Завршен Извештај од Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за доделени средства 2018 година

.

1. Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Завршен Извештај од Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за доделени средства 2018 година , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/6
25.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21-06-2019 година донесе

О Д Л У К А

За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Завршен Извештај од Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за доделени средства 2018 година

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Завршен Извештај од Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за доделени средства 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Завршен Извештај од Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола, за доделени средства 2018 година, наш број 08-549/2 од 19.06.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-547/9
12.06.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за реализација на проект

.1. Објавувам Одлука за одобрување на средства на Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за реализација на проект, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/7 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на средства на Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за реализација на проект

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **150.000,00** денари на Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола за одобрување на финансиски средства за реализација на проект-Со ЕУ до подобро образование.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства редовно да се доставува извештај до општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Здружение за европска интеграција„Европска Гледна Точка„ Битола,

На Трансакциона сметка:500000000913379

Депонент:Стопанска банка АД Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-547/10 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за доделени средства 2018 година

.

1. Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за доделени средства 2018 година , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/8
25.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21-06-2019 година донесе

О Д Л У К А
За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за доделени средства 2018 година

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Извештај од Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за доделени средства 2018 година

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Извештај од Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за доделени средства 2018 година , наш број 08-317/1 од 25.03.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-547/11
12.06.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од КУД Новаци Новаци, за доделени средства 2018 година

.

1. Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од КУД Новаци Новаци, за доделени средства 2018 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/9
25.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21-06-2019 година донесе

О Д Л У К А

За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од КУД Новаци Новаци, за доделени средства 2018 година

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Извештај од КУД Новаци Новаци, за доделени средства 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Извештај од КУД Новаци Новаци, за доделени средства 2018 година , наш број 15-107/1 од 23.01.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-547/12
12.06.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци,,бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Драги Митровски с.Долно Агларци

.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драги Митровски с.Долно Агларци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-570/10 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци,, бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Драги Митровски с.Долно Агларци

Член 1

На Драги Митровски с.Долно Агларци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари-бруто износ,за лекување .

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име:Драги Митровски,
На Трансакциона сметка:500800008824756
ЕМБ:
Депонент Стопанска банка АД-Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во (,,Службен гласник на Општина Новаци,,).

Бр.14-547/13 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Драгица Тодорческа с.Добромири
.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драгица Тодорческа с.Добромири , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/11 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Драгица Тодорческа с.Добромири

Член 1

На Драгица Тодорческа с.Добромири, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари-бруто износ,за лекување .

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име:Драгица Тодорчевска,

На Трансакциона сметка:200002003687282

ЕМБ:

Депонент Стопанска банка АД-Скопје

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-547/14 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука За основање на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка БАМБИ во с. Новаци, општина Новаци

1. Објавувам Одлука За основање на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка БАМБИ во с. Новаци, општина Новаци , донесена на седница на Совет на општи Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/12
25.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02“), член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр. 05/02) а во врска со член 99 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ“ бр. бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), Советот на општина Новаци, на седницата одржана на ден 21.06.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За основање на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка БАМБИ во с. Новаци, општина Новаци

Член 1

Се основа Јавна општинска установа за деца - Детска градинка **БАМБИ** во с. Новаци, општина Новаци.

Основач на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка **БАМБИ** е општина Новаци со седиште во с.Новаци.

Член 2

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на детската градинка ќе се обезбедат од буџетот на општина Новаци, од Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон

Член 3

Називот на Јавната установа гласи: Јавна општинска установа за деца - Детска градинка **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци (во понатамошниот текст: Детска градинка).

Скратен назив на Детската градинка е: ЈОУДГ **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци.

Седиштето на Детска градинка е во с.Новаци, општина Новаци.

Член 4

Дејноста на детската градинка е: згрижувње и воспитание на децата од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето, и за поттикнување на интелктуалниот, емоционалниот, физичкиот менталниот и социјалниот развој на дете до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Член 5

Дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка БАМБИ во с.Новаци, општина Новаци., ќе ја остварува согласно Програмата за рано учење и развој (" Службен весник на РМ " бр.46/14)

Член 6

Детската градинка ќе располага со капацитет за згрижување на 50деца, кои ќе бидат опфатени во 2 (две) групи.

Член 7

За реализација на Програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14, 136/14 и 71/15").

Член 8

Меѓусебните права и обврски помеѓу детската градинка и основачот, ќе бидат уредени со посебен договор кој ќе го склучат директорот на ЈОУДГ БАМБИ и Градоначалникот на општина Новаци.

Член 9

Детската градинка се основа на неопределено време.

Член 10

Општина Новаци како основач на ЈОУДГ БАМБИ во с.Новаци, општина Новаци, ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел за добивање на мислење за исполнети услови за основање и за отпочнување со работа на детската градинка, од Министерството за труд и социјална политика.

Член 11

Директорот на ЈОУДГ БАМБИ во с.Новаци, општина Новаци, се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на детската градинка БАМБИ .

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општината Новаци.

Бр.14-547/15 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука За давање на користење , одржување и управување на објектот, на Јавната општинска установа за деца – детска градинка БАМБИ во с.Новаци, општина Новаци

1. Објавувам Одлука За давање на користење , одржување и управување на објектот, на Јавната општинска установа за деца – детска градинка БАМБИ во с.Новаци, општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/13 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

О Д Л У К А

За давање на користење , одржување и управување на објектот, на Јавната општинска установа за деца – детска градинка БАМБИ во с.Новаци, општина Новаци

Член 1

Со оваа одлука се уредува давањето на користење , одржување и управување на објектот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци како и други прашања во врска со функционирањето на истиот .

Член 2

Објектот е изграден со средства од општина Новаци.

Член 3

Објектот ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца – детска градинка **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци.

Јавната општинска установа за деца – детска градинка **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

Член 4

Јавната општинска установа за деца – детска градинка **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци, не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

Член 5

Директорот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка **БАМБИ** во с.Новаци, општина Новаци, се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-547/16 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци,,бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Решение За избор на членови на
Совет на млади на Општина Новаци

1. Објавувам Решение За избор на членови на Совет на млади на Општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-570/14 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (вСл.весник на РМг бр.05/2002), член 21 став 1 точка 44 и член 25 од Статутот на Општина Новаци (вСл.гласник на Општина Новациг бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21.06.2019 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на членови
на Совет на млади на Општина Новаци

Член 1

Со ова Решение се врши избор на членови на Совет на млади на Општина Новаци .

Член 2

За членови на Совет на млади на Општина Новаци се избираат:
1.Горан Вајдевски с.Новаци
2.Јане Стојановски с.Новаци
3.Горан Стојановски с.Долно Агларци
4.Марјан Котевски с.Новаци
5.Александра Ристевска с.Добромири

Член 3

Мандатот на Членовите на Совет на млади на Општина Новаци трае 2 години .

Член 4

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-547/17 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение на жени „Силата на бабата„ општина Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства на Здружение на жени „Силата на бабата„општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 21.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-570/15 ОпштинаНоваци
25.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 21-06-2019 година донесе

О Д Л У К А
за одобрување на средства на Здружение на жени „Силата на бабата„општина Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **10.500,00** денари на Здружение на жени „Силата на бабата„општина Новаци, за автобуски превоз до Дојран и обратно.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства редовно да се доставува извештај до општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Здружение на жени „Силата на бабата„општина Новаци

На Трансакциона сметка:370041100248619

Депонент:ЕУРОСТАНДАРД Банка

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-547/18 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Заклучок за Усвојување на Физибилити студијата за Јавно приватно партнерство за Модернизација на Уличното Осветлување во Општина Новаци.

2.Заклучок за објавување Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект Модернизација на Улично осветлување на Општина Новаци

3.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение за мода ПИКСИ СТУДИО Новаци, за реализација на Културно-забавно лето ,,Новаци 2019,,

4.Заклучок за објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019

5.Заклучок за објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година Јуни-2019

6.Заклучок за објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Завршен Извештај од Здружение за европска интеграција,,Европска Гледна Точка,, Битола за доделени средства 2018 година

7.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение за европска интеграција,,Европска Гледна Точка,, Битола за реализација на проект

8.Заклучок за објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за доделени средства 2018 година

9.Заклучок за објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од КУД Новаци Новаци, за доделени средства 2018 година

10.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драги Митровски с.Долно Агларци

11.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драгица Тодорческа с.Добромири

12.Заклучок за објавување Одлука За основање на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка,,БАМБИ,, во с. Новаци, општина Новаци

13. Заклучок за објавување Одлука За давање на користење , одржување и управување на објектот, на Јавната општинска установа за деца – детска градинка “БАМБИ “ во с.Новаци, општина Новаци

14. Заклучок за објавување Решение За избор на членови на Совет на млади на Општина Новаци

15. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение на жени ,,Силата на бабата,,општина Новаци

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци